# Наши шуми

БРОЈ 41 НОЕМВРИ 2008

ЈП МАКЕДОНСКИ ШУМИ




ДЕН НА ДРВОТО
ЗАСАДИ ЈА СВОЈАТА ИДНИНА!
Спаси ја земјата со еден потег
Твојот потег: Засади дрво!
ЗА ДА ЗАСАДИМЕ ПОВЕЌЕ ОД 6.000.000 ДРВЦА ПОТРЕБНА Е И ТВОЈАТА ПОМОШ!
ПОДДРЖИ ЈА АКЦИЈАТА И ЗАСАДИ БАРЕМ ЕДНО ДРВО!
ДЕН НА ДРВОТО 19 НОЕМВРИ 2008
ДЕН НА ДРВОТО 19 НОЕМВРИ 2008

Наши шуми

ISSN 1409-7850

Импресум • Наши шуми • Број 41 • Ноември 2008

акција



Ден на дрвото, повторно! Есенското пошумување собра огромен број граѓани кои во еден ден засадија шест милиони садници. 08

разговор со повод



М-р Слободанчо Климоски ние запознава со успесите на ЈП, и се осврнува на тековните и планираните активности во иднина. 14

практика



Интервенциите врз корените треба да се вршат со вистинска алатка, на вистински начин и во вистинско време, за да се постигне вистинска цел. 24

манифестација



Сите присутни на Деновите на шумарството најдоа интересно катче за да ги доживеат прекрасните два дена покрај, со сонце преплавеното, Охридско Езеро. 29

04 БЛИЦ
Акција, јубилеј, вести ...

07 ЈУБИЛЕЈ
10. години ЈП МАКЕДОНСКИ ШУМИ

08 АКЦИЈА
Ден на дрвото – есенско пошумување

11 УПАТСТВО
Техника на садење на садници

14 РАЗГОВОР СО ПОВОД
Шумите – столб на екосистемот

18 ПРОЕКТ
Фопер – обука на регионални тренери

20 ИСТРАЖУВАЊЕ
Одгледувачки мерки

23 ЗАНИМЛИВОСТИ
Неколку факти за корista од дрвото

24 ПРАКТИКА
Подрежување на корени

27 НАЗИВИТЕ НА ДРВЈАТА
*Acer L.* – Јавор

29 МАНИФЕСТАЦИЈА
Денови на шумарството

31 ГАЛЕРИЈА
Денови на шумарството, Охрид 2008

**Весник на ЈП за стопанисување со шуми *Македонски шуми***

*Издавач:* ЈП Македонски шуми • *За издавачот:* Владимир Бахчовановски *генерален директор* • *Главен и одговорен уредник:* Соња Никчевиќ • *Редакција:* Соња Никчевиќ, Фатима Шкријељ • *Издавачки совет:* Владимир Бахчовановски, м-р Костадинка Соколовска, д-р Константин Бахчеванциев, м-р Здравко Трајанов, м-р Слободан Климоски, Соња Никчевиќ, Лепосава Ѓуроска, Бранко Клетнички • *Ликовно-техничка обработка:* Дејан Крле • *Печати:* Санико – Скопје

*Адреса:* ЈП Македонски шуми, Ул. Перо Наков бб, Скопје • *тел.* 02.2581.080 • *факс* 02.2581.824

*makshumi@mkdsumi.com.mk* • *www.mkdsumi.com.mk*



## АКЦИЈА ДЕН НА ДРВОТО – ЗАСАДИ ЈА СВОЈАТА ИДНИНА – ЕСЕНСКО ПОШУМУВАЊЕ

**Есенското пошумување од** акцијата *Ден на дрвото – Засади ја својата иднина*, ќе се одржи на 19. ноември, 2008 година, на целата територија на Република Македонија, после одлагањето од 29. октомври. Планирано е да се засадат шест милиони садници, на локации ширум државата. Покровител на акцијата е Владата на Република Македонија, а ЈП *Македонски шуми* има активно учество во акцијата. Вклучувајќи се во акцијата Ден на дрвото, стручниот тим на ЈП *Македонски шуми* направи избор на садници за пошумување од лисјарски и четинарски дрвни видови произведени по класичен и контејнерски начин во расадниците на ЈП *Македонски шуми* и направи стручна подготовка на теренот за пошумување, со активирање на механизација потребна за непречено одвивање на акцијата, како и обезбедување на стручна помош и логистика при самото пошумување. Покрај останатите активности стручниот тим, ги определи и локациите за пошумување на територијата на целата држава, со што се постигна целта на позитивно влијание на локално, регионално и глобално ниво. На пролетното пошумување на 12.март, 2008 година, беа засадени 2 035 000 дрвца, онолку колку што Република Македонија има жители. Во есенското пошумување е планирано пошумување со шест милиони садници, за што се очекува масовна излезност на граѓаните на местата на пошумување и рушење на рекордот на излезност во една акција (пролетното пошумување). Акцијата е медиумски поддржана и прифатена од сите релевантни учесници во државата.

За да засадиме повеќе од 6 000 000 дрвца потребна е и твојата помош!

**Поддржи ја акцијата и засади барем едно дрво!**

## ЈУБИЛЕЈ 10 ГОДИНИ ОД ФОРМИРАЊЕТО НА ЈП МАКЕДОНСКИ ШУМИ

**ЈП Македонски шуми** е формирано со одлука на Владата на Република Македонија од 15. 12. 1997. година, а со работа започна на 01. 07. 1998. како правен следбеник на повеќе стопански објекти кои до формирањето стопанисуваа со државните шуми.

На иницијатива на генералниот директор на ЈП *Македонски шуми* и менаџерскиот тим, се донесе одлука за одбележување на јубилејот **10 години од формирањето на ЈП Македонски шуми**.



Во јубилејната година од постоењето на ЈП *Македонски шуми* е прогласен месец на дрвото кој започна со одржувањето на традиционалната манифестација *Денови на шумарството*, кои се одржаа по 42. пат, продолжи со активно учество во акцијата *Ден на дрвото – засади ја својата иднина*, на 19. ноември, 2008 година, а крајот ќе биде одбележен со промоција на **Монографијата** *Шумите и шумарството во Република Македонија 1998-2008 година* и одржување на Свечена академија на 12. декември, 2008. година.

Во Монографијата *Шумите и шумарството во Република Македонија 1998-2008 година* забележителни се настојувањата за одбележување на важните мигови од постоењето и функционирањето на ЈП *Македонски шуми*, со благо навраќање кон функционирањето на шумарството во минатото и сега.

## НОВА ДЕКАНСКА УПРАВА НА ШУМАРСКИ ФАКУЛТЕТ – СКОПЈЕ

**Шумарскиот факултет при** Универзитетот *Св. Кирил и Методиј* – Скопје, Република Македонија, е основан во 1947 година. Денес, тој претставува единствена високообразовна и научноистражувачка институција од областа на шумарството и дрвната индустрија во Р. Македонија.

Од учебната 1998/1999 година, наставата на додипломски студии е организирана во четири насоки, односно по два на Институтот за шумарство: студии за шумарство и за озеленување и унапредување на животната средина, а на Институтот за дрвна индустрија: механичка технологија на дрвото и студии за проектирање и технологија на мебел и ентериер.

Во учебната 2004/2005 година на сите насоки наставните програми се целосно усогласени и компатибилни со европскиот кредит трансфер систем (ЕКТС).

Органи на раководење и управување се Деканот и три продекани, Наставно-научниот совет и Деканската управа. Деканот и продеканите се како работоводен орган се избираат по интерна постапка од редот на постојните наставници, со мандат од четири години.

Декан на Шумарски факултет е д-р **Бранко Рабаџиски**, редовен професор на ШФ, од Институтот за дрвна индустрија, Катедра за примарна преработка на дрвото. За продекани, досега се избрани:

- продекан за настава, д-р **Владимир Коњозов**, доцент на ШФ од Институтот за дрвна индустрија, Катедра за машини, ергетика и транспорт
- продекан за наука и финансии, д-р **Николчо Велковски**, доцент на ШФ од Институтот за шумарство и озеленување и унапредување на животната средина, Катедра за одгледување на шумите.

Новата деканска управа на Шумарски факултет, функционира од 01.10.2008 година. *Во моментов сме фокусирани на редовните активности. Во тек се редовните предавања на сите катедри, а за студентите е организирана теренска настава која се одвива во Крушево* – ни рече новиот декан на ШФ, д-р Бранко Рабаџиски. ❧



## РАЗВОЈ НА ИНФОРМАТИЧКИОТ СИСТЕМ ВО ЈП

**Во изминатата година**, врз основа на институционална соработка помеѓу ЈП *Македонски шуми* и Норвешката државна шумска корпорација *Статског*, комплетно е завршена втората фаза од проектот *Развој на информатичкиот систем во ЈП*. Со тоа се овозможи директно поврзување на подружниците со Дирекцијата на ЈП по хоризонтала и вертикала. Ефектите од ваквото поврзување се евидентни во навременоста, точноста и ажурноста на добиените податоци.

Подобрена е успешноста во менаџирањето на Јавното претпријатие, а со тоа се остварува и правата функција на Дирекцијата на претпријатието.

За вклучување на потребниот број на вработени од подружниците во информатичкиот систем, неопходна е набавка на персонални компјутери, со што ќе се создаде солидна база за имплементирање на единствено софтверско решение.

Со ЕРП ќе се подобри економскиот менаџмент и ќе се постигне целосна конт-рола на приходите и расходите, намалување на непотребните трошоци и наменско користење на приходите, со што ќе се постигне поекономично и попрофитабилно работење во ЈП *Македонски шуми* – Скопје.

Овој информационен систем, преку глобалната комуникација – интернет, овозможува поголема транспарентност во работењето на претпријатието, проширување на пазарот за нашите производи на странски пазар и зголемување на извозот, а со тоа и пораст на профитот, како и поголема информираност на сите други субјекти за функциите на претпријатието и подигање на еколошката свест на граѓаните.

Во тек е третата фаза *Зајакнување на подготвеноста за постигнување на подобар економски менаџмент во рамките на Јавното претпријатие.*

Договорена е набавка на софтвер (ЕРП), кој ќе ги содржи сите неопходни модули за потребите на Јавното претпријатие. Набавката целосно ќе биде финансирана од норвешката страна. Во тек е јавна набавка на потребниот број на компјутери кои ќе бидат вклучени во системот. ❧




# ШВАЈЦАРЦИТЕ ДОНИРАА ПРОТИВПОЖАРНО ВОЗИЛО ЗА КРУШЕВО

Крушевските пожарникари пред новиот камион.

**ПАРТНЕРСТВОТО ШТО ОПШТИНАТА КРУШЕВО ГО ОСТВАРУВА СО ШВАЈЦАРСКИОТ ГРАД BIEL ПРЕКУ АСОЦИЈАЦИЈАТА GGBS, ГОДИНАВА ПОСТИГНА НОВ УСПЕХ** од **МАРЕ БЛАГАДУША**

Од 1996 година па наваму Општината Крушево остварува успешна соработка со швајцарскиот град Бил што се наоѓа во областа Селанд во Кантонот на Берн. Всушност, станува збор за партнерство во рамките на Асоцијацијата ГГБС (Gemeinden Gemeinsam Biel Seeland – што во превод значи: Општините заедно Бил Селанд). Резултатите остварени низ ова дванаесетгодишно партнерство навистина се вредни за почит: Повеќе училишта, детски градинки, клубови и други институции и установи на територијата на Општина Крушево, вклучувајќи ја и општинската администрација, од страна на ГГБС во значајна мера се опремени со компјутерска и друга техника, училиштен мебел, прибор и помагала, а одржани се и бројни семинари со разновршен тематски опфат и различни целни групи, со што е остварен значаен напредок во севкупниот развој на Општината.

Најнов дострел на ова партнерство е неодамна реализираниот проект *Противпожарно возило – донација на ГГБС за Крушево*. Со оваа донација, Територијалната противпожарна единица (ТППЕ) Крушево се стекна со уште едно, мошне вредно и ефикасно техничко средство, што ќе значи битно подобрување на степенот на ефикасноста во извршувањето на сложените противпожарни зафати. Без сомнение, ќе биде непотребно поопширно да се објаснува значењето на оваа донација ако се имаат предвид бројните пожари што, не само во Крушевско, туку и во цела Македонија, минатото и ова лето нанесоа непроценливи штети особено во шумските пространства.

Донираниот противпожарен камион е од марката *Renault-Brändle*. Тоа значи дека моторот и шасијата се од програмата на *Renault*, додека специјалната опрема и противпожарните уреди и инсталации се швајцарски производ, од познатата фирмата *Brändle* од Сирнах. Опремен со моќна пумпа што под висок притисок обезбедува проток од 2 800 литри во минута, камионот е наменет за брза интервенција. Има погон на сите четири тркала и мало меѓуосовинско растојание, што е многу важно за неговата подвижност на стрмни места, какви што се теренските услови во Крушево и околината.

Координатор на проектот од швајцарска страна беше **Хајнц Шпиес** – член на Бордот на ГГБС. Тој, при предавањето на возилото ја нагласи потребата – за чување на ова противпожарно средства во Крушево да се обезбедат неопходните технички услови, односно истото да биде гаражирано, зашто во спротивно, како што истакна, ако се остави под отворено небо, атмосверските влијанија ќе си го сторат своето, во кој случај донацијата би го изгубила своето значење. Во врска со оваа потреба, на која од страна на швајцарските донатори беше укажувано на повеќе наврати, претставниците на локалната самоуправа од Крушево зедоа обврска да обезбедат технички услови за домаќинско чување и правилна експлоатација на противпожарниот камион.

Координатор на проектот од крушевска страна, пак, беше **Благоја Благадуша** – член на Советот на Општина Крушево, кој ја предводеше делегацијата на крушевските пожарникари во Швајцарија при преземањето на донираното возило. За време на петдневниот престој во Швајцарија, на крушевските пожарникари им беше организирана обука за употреба на возилото, најнапред во фирмата-производител *Brändle* во Сирнах, а потоа беа разменети искуства и со пожарникарите од Нидау и Ипсах – општини во партнерскиот град Бил.

За одбележување е што, само два дена по пристигнувањето во Крушево, по одржаната показна вежба пред припадниците на целото противпожарно одделение, овој камион го имаше и своето вистинско *огнено крштевање*: успешно беше употребен во гаснењето на пожарот во непосредна близина на објектите на поранешниот *Еурошек* кај селото Алданци. Пожарот беше навреме локализиран и изгаснат, така што штетите беа минимални. Пожарникарите беа пријатно изненадени од ефикасноста и брзината на дејствувањето на овој противпожарен камион.

Крушевчани се задоволни од швајцарската донација. Но, како што велат многумина, да даде Господ швајцарскиот камион повеќе да се користи за миење на улиците, отколку за гаснење на пожари, зашто, огнот е добар слуга, ама знае да биде и лош господар ...



Швајцарските колеги од Нидау, пред заминувањето за Македонија камионот го дополнаа со нови црева и со друга опрема.

# 10 *години*
# од постоењето на
# *ЈП Македонски шуми*

☐ Стопанисувањето со шумите во Република Македонија е засновано врз комплексност, многуфункционалност и трајност во производството, при што се води сметка за здравиот однос кон шумите, еколошките принципи за зачувување на животната средина и нега и обновување на шумите.

Економската, социјалната и еколошката функција на шумите се од огромно значење за одржливиот развој на општеството и за подобрување на квалитетот на животот, особено во руралните и планинските подрачја.

Со државните шуми во Република Македонија стопанисува Јавното претпријатие за стопанусување со шуми во државна сопственост ЈП *Македонски шуми*, кое годинава го слави својот јубилеј 10 години од постоењето.

ЈП *Македонски шуми* е формирано со одлука на Владата на Република Македонија од 15.12.1997. година, а со работа започна на 01.07.1998. како правен следбеник на повеќе стопански објекти кои до формирањето стопанисуваа со државните шуми.

Бројните негативни појави во развојот на севкупното општество и економијата, влијаеа и на шумарскиот сектор. И покрај тешката економска положба и наследените дубиози ЈП *Македонски шуми* функционира како важен стопански субјект во Република Македонија, следејќи ги политичките и економските промени во Република Македонија во согласност со евроинтеграциските процеси кои налагаат приоритети и фокусирање кон општокорисните функции на шумата и нејзиното стопанисување, интегрирајќи се во многу поширок контекст во кој заштитата и грижата за природата и животна средина се ставени во прв план.

Во јубилејната година од постоењето на ЈП *Македонски шуми* е прогласен месец на дрвото кој започна со одржувањето на традиционалната манифестација *Денови на шумарството*, кои се одржаа по 42. пат, продолжи со активно учество во акцијата *Ден на дрвото – засади ја својата иднина*, на 19.ноември, 2008 година, а крајот ќе биде одбележен со промоција на Монографијата *Шумите и шумарството во Република Македонија 1998-2008 година* и одржување на *Свечена академија* на 12. декември, 2008. година.

Токму во јубилејната година бележиме бројни успеси во интерното работење на претпријатието кои се гледаат пред се во подобрената финансиска кондиција на претпријатието, редовно плаќање на придонесите и исплаќање на заостанати придонеси и кредити, воведување и натамошен развој на информатичката технологија во интерес на поефикасно работење, 100 % реализација на наплатата на побарувањата, редовно исплаќање на изведувачите на фазите сеча, дотур и превоз и други резултати на позитивно работење кои во догледно време ЈП *Македонски шуми* ќе ја доведат на ниво на модерна, успешна компанија.

Со почит кон сите вработени во ЈП *Македонски шуми*,

**Владимир Бахчовановски, *генерален директор***

# ДЕН НА ДРВОТО
# ЗАСАДИ ЈА СВОЈАТА ИДНИНА
# ЕСЕНСКО ПОШУМУВАЊЕ 2008.



од **СОЊА НИКЧЕВИЌ**

**Постојаното намалување на** светскиот фонд на шуми и шумовити предели е еден од најголемите светски еколошки проблеми, со сериозно негативно влијание на климата, здравјето на луѓето, намалување на животинската популација како и на светската економија. Балканот е регион каде овој проблем има уште поголемо и посериозно влијание, особено заради немањето на постојан и издржан систем на шумски менаџмент, како на локално така и на регионално ниво. Големите пожари кои пустошеа минатата година, во целиот регион, го потврдуваат ова.

Имајќи предвид дека шумите се природно добро од општ интерес, а стопанисувањето со шумите е дејност од јавен интерес, со чл 17 од Законот за шуми утврдени се основните дејности: одгледување, заштита и користење на шумите со чие извршување треба да обезбеди трајно зачувување и зголемување на вредноста на шумите, како и постојано зголемување на нивниот прираст и на нивните општокорисни функции. Во 2007 година од катастрофалните пожари беа зафатени 35 248 ха под шума, а во 2008, заклучно со 30.09.2008, 7 366 ха. Доволно за да се наруши рамнотежата и драстично да се намали шумскиот фонд. Последиците од овие пожари ќе се чувствуваат долго, зашто, за да израсне едно дрво, потребни се повеќе од 50 години.

ДЕН НА ДРВОТО

Акцијата *Ден на дрвото*, која се одржува под мотото *Засади ја својата иднина*, се одржа на 12 март, 2008 година на целата територија на Република Македонија.

Иницијатор на оваа акција е Граѓанската иницијатива *Ден на дрвото – Засади ја својата иднина* на чело со амбасадорот на УНЕСКО **Борис Трајанов, Владимир Магдичевски, Томе Костадиновски** и други.

Врз основа на оваа иницијатива, акцијата е поддржана од Владата на Р. Македонија, формирано е Координативно тело за пошумување, чиј претседател е м-р **Зоран Ставрески** – заменик на претседателот на Владата. Во него членуваат претставници на сите релевантни институции: ЈП *Македонски шуми*, од Центарот за управување со кризи, од Државниот завод за геодетски работи, од Министерството за животна средина и просторно планирање, од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Р. Македонија. Иницијативниот Одбор за реализација на акцијата го сочинуваат креатори на јавното мислење, културни работници, познати естрадни уметници, новинари, претставници од бизнис-секторот, претставници од образованието, личности од научниот живот на Р. Македонија. Акцијата е поддржана од Владата на Р. Македонија, Европска унија, УСАИД, УНДП. Активно учество во акцијата земаа и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Р. Македонија, Министерство за внатрешни работи, Министерство за животна средина и просторно планирање, Министерство за одбрана, Министерство за здравство, Министерство за образование, Министертво за транспорт и врски, ЗЕЛС, Центар за управување со кризи и ЈП *Македонски шуми*.



Реки од граѓани се упатуваа до местата за пошумување, без разлика на верска, национална и политичката припадност. Во еден ден на местата за пошумување се засадени шест милиони садници!

Стручниот тим на ЈП *Македонски шуми* направи избор на садници за пошумување од лисјарски и четинарски дрвни видови произведени по класичен и контејнерски начин во расадниците на ЈП *Македонски шуми* и стручна подготовка на теренот за пошумување, со активирање на механизација потребна за непречено одвивање на акцијата, како и обезбедување на стручна помош при самото пошумување. Покрај останатите активности стручниот тим, ги определи и локациите за пошумување на територијата на целата држава, со што ќе се постигне целта на позитивно влијание на локално, регионално и глобално ниво.

Во пролетното пошумување на 12.март.2008. година, во еден ден е засадено вкупно 2 035 000 садници, онолку колку што Р. Македонија има жители, за секој жител по едно дрво.

Акцијата *Ден на дрвото* протече без ниту еден инцидент и покрај исклучително големиот број на учесници. Реки од граѓани се упатуваа до

# Балканот ја засадува својата иднина – Ден на дрвото, регионална иницијатива за пошумување



**На иницијатива на Борис Трајанов – амбасадор на UNESCO и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Р. Македонија, акцијата беше презентирана на состанокот на „Земјоделскиот форум на државите од Југоисточна Европа“ во Колашин, Црна Гора, каде наиде на исклучително добар прием. Се очекува оваа акција да добие регионален карактер и во неа да се вклучат останатите земји на Балканот. Учесници на овој Форум беа амбасадори, министри, советници, високи претставници на Европската комисија од регионот.**

—Имавме исклучителна можност, нашиот проект Ден на дрвото-засади ја својата иднина, да го презентираме на Форумот на министерско ниво во Црна Гора—ни рече, г-дин Трајанов.—Ја презентиравме акцијата која беше исклучително успешна во Македонија и ги замоливме сите министри и присутните претставници на државите, им подадовме рака за поддршка на нашите обиди оваа граѓанска и еколошка иницијатива да биде прифатена од останатите земји во регионот. Особено ми е драго што во заклучоците на овој форум кој по својата организација значајно го подигна нивото на вакви случувања, нашата идеја е прифатена. Се надевам дека на 12. март, 2009. година, оваа акција ќе биде реализирана на регионот на цел Балкан. Суштината на акцијата е да се посадат што повеќе дрвца во еден ден. Граѓаните и учесниците во акцијата се во ситуација самите да одлучуваат за својата еколошка определба. Со тоа се афирмира граѓанската одлучност и еколошката самодоверба.

Новите стебла не се само производители на кислород. Тие се столбови на еколошкото општество, но и на етничкоте сличности и зближување. Впрочем, може ли воздухот да се подели ... овој проект се докажува и на планот на меѓуетничкото и меѓународно помирување. На Балканот тоа му е исклучително потребно зашто имаме многу лош имиџ. Треба да докажеме дека сме способни за вистински партнерства кои ќе се базираат на сличниот менталитет на овие народи. Сигурен сум дека овој регион еден ден ќе биде еколошка, но и поинаква сила на Европа—заклучи Борис Трајанов.



местата за пошумување, без разлика на верска, национална и политичката припадност. Податоците покажуваат дека во еден ден на местата за пошумување на територијата на целата држава излегле околу 185 000 луѓе!

Акцијата е позитивно прифатена од страна на сите владини и невладини субјекти, со што се наметна потребата од продолжување на оваа хумана акција.

Акцијата продолжува и есенва, а според информацијата на Координативното тело се предвидува дека на 29.10.2008 година, ќе бидат засадени 6 000 000 садници, а овој ден ќе биде прогласен за неработен.

Во акцијата, активно учество ќе земат Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Р. Македонија, Министерство за транспорт и врски, Минестерството за животна средина и просторно планирање, Министертво за одбрана, ЈП *Македонски шуми* и иницијаторот Борис Трајанов, како и сите медиуми. Акцијата *Ден на дрвото – Засади ја својата иднина* наиде на одличен одзив кај сите земји во опкружувањето, регионот и пошироко.

> ВРХОВЕН УЧИТЕЛ ЧИНГ ХАЈ е непрофитна, хуманитарна организација која поддржува и меѓународно афирмира филантропски и еколошки проекти за кои верува дека влијаат за подобрување на животот на целата земја.

Меѓународната асоцијација *Врховен учител Чинг Хај* со седиште во Тајван деновиве на оперскиот пејач Борис Трајанов му ја додели *Наградата за заштита на блескавиот свет*, за покренување и реализација на проектот *Ден на дрвото – засади ја својата иднина.*

*Оваа награда се доделува како признание за вашите напори за посветеното лидерство за заштита на нашата планета и вашата визија за мир, која е за пример. Ние страсно посакуваме сите нации да го следат проектот за пошумување на Македонија и да помогнат во трансформирањето на планетата во еден здрав, животен рај во кој сите луѓе ќе се здружат и ќе работат заедно во мир*, се вели во писмото со кое се соопштува дека Трајанов е добитник на ова меѓународно признание. *Наградата за заштита на блескавиот свет* на Трајанов наскоро ќе му ја врачи специјален претставник на *Врховен учител Чинг Хај*, кој за таа цел ќе допатува во Македонија.

> „Среќен сум што оваа наша акција доби ваков неочекуван меѓународен одзив, што дополнително ќе не стимулира, заедно со моите пријатели, членовите на иницијативниот одбор да ја продолжиме акцијата и следната година да ја прошириме на целиот Балкан.“

# Техника на садење на садници

**Садењето на садници** е само една од фазите или работни операции при процесот на подигнување на шумите – пошумувањето. Садењето следи после некој вид на обработка на почвата (отварање бразди со трактор со плуг, со подривач-рипер, со анимална влечна сила и др., рачно или моторно копање дупки и др.) Целта на садењето е, во зависнот од применетата обработка на почвата, садница правилно да се стави и зацрвсти во почвата. Доколку садењето на садници е извршено правилно, таа може во поволни услови да расте и се развива.

Во фазата на садење на садниците доаѓа до најчести грешки и пропусти, особено кога тоа е правено се нестручна работна сила. Од тие причини, на садењето треба да се обрне најсериозно внимание, за да се обезбеди максимален успех и преживување на садници после пошумувањето.

Во зависност од претходната обработка на почвата, техниката на садење зависи и од алатите кои се користат. Најчесто садењето се врши со:

- Алат со кој се отвара вертикален засек – ашов или некој друг вид прилагодена садилка и сл.
- Алат со кој се отвара кос засек – мотика, копач (будак) и сл.

Општи правила на садење, кои важат за сите применувани начини и техники на садење:

1. Корените на садниците треба да бидат ставени толку длабоко во земја, да се најдат во зона во која ќе се задржи најдолго влага, со што ќе се намалат штети од летните суши;
2. Садницата не смее да се засади предлабоко (да бидат затрупани и иглиците или бочните гранки) или пак многу плитко (да излегуваат корените над земјата);
3. Никако не смее да се дозволи корените на садницата при ставање во дупката или засекот да се подвиткаат во форма на буква Ј или лактасто,затоа, засекот или дупката треба да биде доволно длабок. Корените треба да добијат што поприродна положба, не смеат да се преплетуваат, т уткаат, кинат или гмечат;
4. Садницата треба да се засипува со свежа, хумусна, ровкава земја;
5. Во засекот или дупката, после ставањето на садницата, не смее да останат *воздушни џебови*, затоа дупката треба да се засипе за да не останат празнини исполнети со воздух, во спротивно – садницата ќе се исуши;
6. Садницата треба да биде силно зацврстена во почвата (нагазена), така да со умерено повлекување нагоре не може да биде извлечена од земјата.

## I

**САДЕЊЕ СО МОТИКА** ИЛИ СЛИЧНА САДИЛКА. МОЖЕ ДА СЕ РАБОТИ ПОЕДИНЕЧНО ОДНОСНО САДЕЊЕТО ГО ВРШИ ЕДЕН РАБОТНИК.




1

Работникот силно ја забива во земја мотиката, ја подигнува кон горе и ја извлекува почвата надвор од дупката.




2

Работникот ја става садницата во дупката на следниот начин: прво ја спушта садницата со корените до дното на дупката, потоа со внимателни движења лево-десно постепено ја крева садницата до она ниво, на кое треба да биде засадена. На тој начин се постигнува корените на садницата да се распоредат што поправилно. Кога садницата се доведе во правилна висина (длабочина), се нафрлува ситна ровкава земја околу садницата, со што ја стабилизира во местото.



3

Со нагазување со нога или со набивање со алатката се зацврстува садницата во земја.

## II

**САДЕЊЕ СО АШОВ** ИЛИ СЛИЧНА САДИЛКА. НАЈДОБРО Е ДА СЕ РАБОТИ ВО ПАР, ОДНОСНО САДЕЊЕТО ГО ВРШАТ ДВА РАБОТНИКА.



1

Првиот работник вертикално силно го забива во земја ашовот (или друг вид на садилка), го повлекува кон себе и отвара засек.






4

Со повлекување кон себе го затвора долниот дел на засекот.



5

Со повлекување на ашовот од себе го затвора горниот дел на засекот.

## III

**САДЕЊЕ СО КОПАЧ** (БУДАК) ИЛИ СЛИЧНА САДИЛКА. НАЈДОБРО Е ДА СЕ РАБОТИ ВО ПАР, ОДНОСНО САДЕЊЕТО ГО ВРШАТ ДВА РАБОТНИКА.



1

Првиот работник силно го забива во земја копачот или друг вид на садилка, трудејќи се да засекот биде што повертикален.





4

Вториот работник ја става садницата во засекот на следниот начин: прво ја спушта садницата со корените до дното на засекот, потоа со внимателни движења лево-десно постепено ја крева садницата до она ниво, на кое треба да биде засадена. На тој начин се постигнува корените на садницата да се распоредат што поправилно. Кога садницата се доведе во правилна висина (длабочина), вториот работник кој ја држи со една рака, со другата рака нафрлува ситна ровкава земја околу садницата, со што ја стабилизира во местото.

2

Вториот работник ја става садницата во засекот на следниот начин: прво ја спушта садницата со корените до дното на засекот, потоа со внимателни движења лево-десно постепено ја крева садницата до она ниво, на кое треба да биде засадена. На тој начин се постигнува корените на садницата да се распоредат што поправилно. Кога садницата се доведе во правилна висина (длабочина), вторнот работник кој ја држи со една рака, со другата рака нафрлува ситна ровкава земја во дното на засекот и околу садницата, со што ја стабилизира во местото.



5

Првиот работник го набива вертикално ашовот 10-тина см пред садницата.



6

Со набивање на земја се затвора помошниот засек.



7

Се нагазува земја околу садницата.

сите илустрации © Дејан Крле

2

Со подигнување на рачката на алатката се отвара долниот дел од засекот.



3

Со спуштање на рачката кон земјата се отвора горниот дел од засекот.



5

Првиот работник ја набива мотиката вертикално 7-10 см пред садницата. Со движење на рачката на алатката кон горе и кон долу го затвора засекот.



6

Со нагазување со нога или со набивање со алатката се зацврстува садницата во земја.



# Шумите – столб на екосистемот

*АКО СЕ ИМА ПРЕДВИД ДЕКА ШУМАТА Е СТОЛБ НА ЕКОСИСТЕМОТ, А БЕЗ ПОСТОЈАН И СТАБИЛНО ИЗГРАДЕН СТОЛБ НЕМА ОСНОВА ЗА ФУНКЦИОНИРАЊЕ НА ЕКОСИСТЕМОТ НАСТАНУВА ПОРЕМЕТУВАЊЕ ВО ЦЕЛАТА РАМНОТЕЖА НА ЗЕМЈАТА, НАСТАНУВААТ КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ КОИ ПРОДУЦИРААТ ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ТЕМПЕРАТУРИТЕ НА ГЛОБАЛНО НИВО, СО ТОА СЕ НАРУШУВА РАБОТАТА НА НАЈГОЛЕМАТА ФАБРИКА ЗА ВОЗДУХ НА ПЛАНЕТАТА ЗЕМЈА, А ТОА Е ШУМАТА.*

Разговор со **М-Р СЛОБОДАНЧО КЛИМОСКИ**
**ПОМОШНИК ДИРЕКТОР НА СЕКТОРОТ ЗА ОДГЛЕДУВАЊЕ, ЗАШТИТА И ЕКОЛОГИЈА НА ШУМИТЕ ВО ЈП МАКЕДОНСКИ ШУМИ**
Разговорот го водеше **СОЊА НИКЧЕВИЌ**



***Повод за нашиот разговор е претстојното есенско пошумување со акцијата Ден на дрвото. Дали требаше да се случи оваа акција, за шумарството да го најде своето место во јавноста?***

Со појавата на пожарите од широк размер, се отворија очите на јавноста за важноста на шумата и шумарството во една земја. Катастрофалните последици ја поттикнаа граѓанската иницијатива, која поддржана од Владата на Република Македонија, прерасна во акција *Ден на дрвото – засади ја својата иднина*, за ублажување на последиците од пожарите. Шумарството стана актуелно и, во случајов, неопходно за реализација на акцијата. Ова внимание, ЈП *Македонски шуми* треба безрезервно да го искористи и еднаш засекогаш да се исфрли анатемата од шумарите, дека јавното претпријатие само ги искористува и сече шумите.

Јавното претпријатие во своите надлежности извршува активности од најразличен вид. Врши производство на посадочен материјал, заштита од бесправни сечи и спроведува продуктивна и пресупресивна заштита од пожари. Во јавноста е малку познато дека јавното претпријатие од својот буџет издвојува 13 % или 160 милиони денари, за нега и обнова на шумите, кои популарно

Вниманието на јавноста за работата на Јавното претпријатие *Македонски шуми* порасна после масовната појава на шумски пожари во 2007 година, во кои е опожарена површина од 35 248 ха под шума, од кои ⅓ или 10 000 ха се високопродуктивни шуми и шумски насади подигнати по вештачки пат, а останатите се нискостеблени и непродуктивни шуми и пасишта. Се работи за загуби од огромен карактер, каде што е нарушена рамнотежата и каде имаме драстично намалување на шумскиот фонд и губење на општокорисните функции на шумата, не само изразено во дрвна маса туку и во штети нанесени на населението со пореметување на природната рамнотежа на екосистемот …

се нарекуваат одгледни мерки. Меѓудругото, ЈП одделува огромни средства за изградба и отворање на шумски патишта за кои немаме никакви субвенции од државата, иако шумските патишта не ги користат само шумарите туку и целото население на РМ, како и субјектите кои имаат активности во шумата и околу неа. Овие мерки за заштита, како и изградбата на патишта, во останатите земји од регионот, односно нивните шумарства се субвенционираат од државата. И затоа состојбата на ЈП е таква каква што е во моментов.

Трошоците за гаснење пожари се голема и непредвидлива ставка што го пореметува нормалното функционирање на ЈП *Македонски шуми*. Иако, во јавноста малку се знае, и покрај преклопувањето на ингеренциите на поедини институции во гаснењето на пожарите, вработените од јавното претпријатие, секогаш, први излегуваат на терен и ефективно се вклучуваат во гаснењето.

Податоците покажуваат дека во изминативе децении 150 000 ха непродуктивна површина, со пошумување се претворени во корисна површина под шума. Можеби ова звучи нескромно, но факт е дека ЈП *Македонски шуми*, домаќински стопанисува со шумите, ги штити и чува како добро од општ интерес.

*Акцијата Ден на дрвото – Засади ја својата иднина, на 12, март 2008. година беше оценета како успешна. Каква беше улогата на Јавното претпријатие?*

Вклучувајќи се во акцијата *Ден на дрвото*, стручниот тим на ЈП *Македонски шуми* направи избор на садници за пошумување од лисјарски и четинарски дрвни видови произведени на класичен и контејнерски начин. Направена е механичка и рачна подготовка на теренот за пошумување, со активирање на механизација потребна за непречено одвивање на акцијата, обезбедена е стручна помош и логистика при самото пошумување. Покрај овие активности стручниот тим, ги определи и локациите за пошумување на територијата на целата држава, со што се постигна целта на позитивно влијание на локално, регионално и глобално ниво.

Акцијата беше прифатена со голем одзив на граѓаните на Република Македонија. Нашите екипи успешно ја завршија работата и ние ја сметаме за успешна и од стручен аспект, во однос на процент на зафатеност на садниците.

Ја користам можноста јавно да им се заблагодарам на сите колеги кои максимално и пожртвувано се вклучија во спроведувањето акцијата. Голема благодарност до Владата на Република Македонија, до Иницијативниот одбор на акцијата како и до сите граѓани кои учествуваа во акцијата.

Можеби имаше одредени пропусти во текот на акцијата, но имајќи го предвид масовното излегување на граѓаните кое сите нé изненади, јасно е дека во определени моменти беше тешко се да се исконтролира и координира до совршеност целата акција.

При секое пошумување, загуби имало и ќе има, но нашите стручни тимови се навраќаат и ги пополнуваат со садници претходно пошумените површини и континуирано се следи развојот на садниците. Така, никако не смее да прифати аргументацијата на одредени структури кои ја оквалификуваа *Акцијата* како неуспешна.

Имавме исклучително сушно лето со минимална количина на врнежи, што секако се одрази на дел од садниците кои не успеаја да преживеат (се работи за мал процент), дел од нив се откорнати или испасени од добиток. На ваквите појави енергично ќе одговориме со преземање на казнени мерки за санкционирање на сторителите, кои законот ни ги дозволува.

Зафатеноста на садниците на поедини места е до 90 %, а искуството од овие површини ќе го искористиме во наредниот период, за пошумување со садници од контејнерски тип.

*Дали тоа значи драстично зголемување на производство на садници од контејнерски тип во веќе постоечките расаднички капацитети?*





Тоа значи дека во иднина производството на садници од контејнерски тип, ќе биде зголемено. Ние и годинава имаме зголемување на производството од просекот за изминатите години од два милиони садници годишно, сега веќе треба да ги задоволиме потребите на акцијата со девет милиони садници, а во иднина и планираните 20 милиони садници годишно, без оглед на тоа колку овој податок звучи фантастично. ЈП *Македонски шуми*, ќе пристапи програмски, ќе биде изработен елаборат за начин на пошумување на секој локалитет поединечно, при што ќе се земат предвид сите еколошки карактеристики на површината, видот со кој се пошумува, катастарот, подготовка на земјиштето и начинот на кој ќе се пошумува, потребната работна сила за изведување на пошумувањето и други мерки.

*После пожарите во шумата останува пустош. Што се случува со ваквите површини?*

Со последните пожари, опожарена е огромна површина под шума и интервенцијата за санирање на состојбите после пожарите не се врши преку ноќ. Прво се врши расчистување на пожариштата од изгорените и опожарените дрвја, а потоа се подготвува теренот за пошумување. Особено брза интервенција е потребна во површините со четинарски видови на дрвја, бидејќи тие губејќи ја својата физиолошка функција се подложни на појава на штетници кои можат да предизвикаат последици од пошироки размери, ако не се интервенира навреме. Токму затоа во рамките на можностите ја следиме состојбата на опожарените површини и навреме ги расчистуваме.

*Да се вратиме на пошумувањето и успешноста во пошумувањето.*
*Какви се извештаите од теренот?*

Во целина, според извештаите кои пристигнуваат во Секторот за заштита, одгледување и екологија на шумите, зафатеноста на садниците изнесува 50 %. Овој процент е добар и меѓу другото треба да послужи како поттик и на граѓаните не само во подигнувањето на нивната еколошка свест, туку и во создавање на чувство на одговорност кон шумата како добро кое треба да се чува и негува. Факторот човек е многу важен зашто, за жал, причинител на повеќето немили појави како што се пожарите и бесправните сечи е токму човекот. Доколку еколошката свест на човекот е повисока, чувството на одговорност е поголемо, а со тоа е намалена можноста за разни нарушувања во шумата.

*Како течат подготовките за есенското пошумување со акцијата Ден на дрвото?*

ЈП *Македонски шуми*, е максимално подготвено за претстојната акција. Теренот е подготвен, направен е распоредот на задачите и активностите за подготовки се при крај. Акцијата, првично беше закажана за 29.10.2008 година, а одложувањето се должи на тоа што се судривме со еден проблем. Лисјарските дрвни видови се во фаза на вегетација кога не смее да се врши вадење на садниците расадниците, бидејќи после би бил голем процентот на незафатеност. Со оглед на тоа, следејќи ја фенологијата на садниците, акцијата е пролонгирана за 19.11.2008година и се надеваме дека успешно ќе ја завршиме. Во рамките на есенското пошумување, меѓу другото ќе се дистрибуираат 5 000 садници од повеќегодишни декоративни видови, во Основните и Средните училишта во Република Македонија, со кои ќе се уредат и облагородат дворовите на училиштата, а учениците активно ќе се вклучат во акцијата. Со ова сакаме да едукативно влијаеме врз младите луѓе за тие навреме да станат свесни за здравата животна средина и значењето на шумата. Младите во државата како популација се нашата приоритетна целна група која со правилно насочување и развивање на еколошката свест ќе знае да ја почитува и чува шумата.

*Кои се наредните активности на ЈП Македонски шуми, во однос на проширувањето на производните расаднички капацитети?*

Во наредниве пет години, се планира пошумување со 20 милиони садници годишно. Постоечките капацитети во моментов не можат да одговорат на барањата кои се очекуваат со акцијата за пошумување и затоа се потребни средства кои ќе се вложат во модернизација и проширување на производните капацитети и отворање на на семенски центар за откуп, собирање и доработка на семе.

Благодарност на Владата на РМ за искажаната поддршка за, затоа што со зголемувањето на производството на садници значително ќе се подобри финансиската состојба на претпријатието. Мое мислење е дека со создавањето ликвидност

во Секторот за одгледување, заштита, и екологија на шуми, ќе се создаде финансиската ликвидност на самото ЈП *Македонски шуми*. Во секој случај моментот треба да се искористи и сериозно да се сфати работата која ни претстои.

Со отворање на *Центарот за семе* во Република Македонија ќе создадеме услови за производство на квалитетен семенски материјал. Донесен е *Законот за репродуктивни материјали од шумски видови дрвја*, со кој и законски сме обврзани на употреба на семе од проверени семенски состоини(насади или индивидуални стебла кои се избрани по пат на масовна или индивидуална селекција). Периодот на приспособување на овој закон е две години и во овој период ние треба да докажеме дека можеме да ги издвоиме семенските насади кои ќе ги исполнат законските нормативи. Генетски провереното семе овозможува поголема р'тливост, подобар квалитет на семето, садниците се физиолошки повитални, нивниот прираст е поголем, при пошумување на терен има карактеристики кои изразени во прираст на дрвна маса се далеку поголеми.

Исто така ќе овозможиме создавање на резерва на шумско семе, залихи кои ќе можат да се употребат во години кога уродот на семе е мал како што е случај годинава кога се соочуваме со тој проблем. Ако се има предвид дека на светските пазари извозната цена на квалитетно семе од овие насади се движи 500-800 $, тогаш навистина сериозно треба да да пристапиме кон реализација.

*Од јавното претпријатие се очекуваповеќекратно да го зголеми производството на садници …*

Со оглед дека со есенското пошумување 2008. година сите резерви ќе се исцрпат, и дека резерва од посадочен материјал немаме, напролет ќе се соочиме со недостаток на садници. Да напоменем дека потребите се петпати зголемени (ако минатата година максимално се произведувале еден до два милиони садници, сега потребите се девет милони, а следните години ќе се зголемат на фантастични 40 000 000 садници). Во есенското пошумување 2008. година направивме максимален ангажман да одговориме на потребите, а тоа значи дека за пролетното пошумување 2009 година ќе имаме недостаток од садници, кој најверојатно ќе го решиме се увоз. На јавното претпријатие останува сериозно да се подготви за есенското пошумување. Мислам дека тоа ќе се реши доколку ги реализираме плановите за обезбедување на семенски материјал и максимален ангажман на посточките 17 расадници и отворање на три нови во Битола, Велес и Гевгелија. Во тој случај, наесен ќе имаме доволна количина садници 1 + 0, за есенското пошумување, а дел од производството ќе остане како резерва за пошумување во наредните години.

Значи целта на Секторот за одгледување, заштита и екологија на шуми и на ЈП *Македонски шуми*, е во наредниот период да одговориме на предизвикот за производство на квалитетни садници, со што ќе постигнат поголеми производни ефекти. Шумарството е комлексна гранка во која резултатите не се гледаат преку ноќ. Шумата како столб на екосистемот и треба да се негува и да се сака, генерациите по нас ќе ги уживаат благодетите на нашата грижа и љубов кон шумата.

> Имавме исклучително сушно лето со минимална количина на врнежи, што секако се одрази на мал процент од садниците кои не успеаја да преживеат, дел од нив се откорнати или испасени од добиток.

*Г-дине Климоски, Вие во моментов раководите и со Секторот за Лов и ловен туризам, гранка што е исто така значајна за стопанисувањето со шумите. Во тек е ловната сезона во ловиштата на ЈП Македонски шуми, кои се новостите во Секторот?*

Со оглед на тоа дека Секторот за лов и ловен туризам во последниве години остварува забележителен финансиски приход, треба да се вложува во неговиот развој. За таа цел, направена е агенда за зголемување на ловната понуда во ловиштата на ЈП. Во моментов воведуваме нова генетска линија на елен лопатар, што значи дека сме на прагот на отворање на размножувалиште на овој вид дивеч. Во него ќе се произведува подмладок на елен лопатар, од кој дел ќе остане во ловиштето, а дел ќе се понуди на пазарот по многу прифатливи цени. Оваа мерка е дел од развојната компонента која Јавното претпријатие ја презема за облагородување и збогатување на ловиштата. За 2009 година е планирано размножувалиште на обичен елен во ловиштето *Елен* во Охрид, каде се планира и изградба на ограден простор за оваа намена. За 2010 година се планира формирање на размножувалиште на муфлон во *Градец* кај Валандово и со веќе набавените грла на подмладок на дива свиња во ловиштето *Милисин*, Гевгелија ќе се заокружи ловната понуда со основните видови дивеч.

Наредна етапа во развојот на ловната понуда е изградба и санација на ловни куќи, хотели и други објекти со што ќе се придонесе во создавање комплетна ловна понуда од висок ранг. Меѓутоа, без создавање на база на понуда на ловен дивеч, техничките објекти се беспредметни.

Бидејќи ловностопанските основи за претходниот период се пред истек, во текот на пролетта е извршено пребројување на дивечот, со која е констатирана бројната состојба која е предмет на изработка на нови ловностопански основи за дел од ловиштата и за нив е распишан конкурс за доделување, а останатите се изработуваат.

Сакам да нагласам дека последниве години, преку соработката со ловни агенции во регионот, сите арнжмани за лов на дивеч во нашите ловишта се предвреме распродадени, претежно на странски ловци, со што се остварува значителен девизен прилив. ❧






# ФОПЕР —ОБУКА НА РЕГИОНАЛНИ ТРЕНЕРИ

од ДИПЛ. ШУМ. ИНЖ. ВИОЛЕТА ЈОВЕВСКА



**Од 09.07. до** 13.07.2008 г. во Загреб се одржа делот од ФОПЕР проектот кој се однесува на обука на регионални тренери за рекреативната улога на шумите користи од неа да постигнување на финансиски ефект.

Дипл. шум. инж. **Јовевска Виолета** како претставник на ЈП *Македонски шуми,* ПШС *Кајмакчалан* – Битола, се стекна со звање – иден регионален тренер за рекреативната улога на шумите со економски и менаџерски аспекти за микро и макро развој. Од Република Македонија беа присутни и претставници од Министерството за животна средина и просторно планирање и Шумарски факултет – Скопје.

На регионалниот курс беа присутни претставници од Балканските земји: Србија, Босна и Херцеговина, Црна Гора, Хрватска, Албанија и Македонија, а домаќин беше дипл. шум. инж **Дијана Вулетич**, началник во Шумарскиот институт *Јастребарско* на одделот за уредување на шуми и шумарска економика.

**Првиот ден** по меѓусебното запознавање на присутните следуваше презентација за Источна Англија т.е. *Рендслем шума* со стратегија за рекреација од страна на главниот претседавач **Giles Brockman** кој исцрпно и детално го објасни пристапот кон проблемот кој ќе се поставиме и првенствено изработка на проект. Поделбата на работни групи мошне позитивно се одрази на присутните кои заеднички изработија сопствени презентации на поставените проблеми.

**Вториот ден** од курсот предавачот одржа презентација за селектирање на бизнис партнерите, изработка на проектите, влијанието врз здравјето на човекот, а потоа следуваше дискусија. Се работеше по групи и следуваше поставување на задачите на секоја група и објаснување на истите.

Во вториот дел од курсот беше претставена презентација на рекреативните центри во повеќе европски земји и што се презема за да се привлечат децата и возрасните континуирано да ја посетуваат и сакаат природата.

**Третиот ден** беше организирана посета на Паркот на природата *Медведница*. Сите присутни беа импресионирани од фактот што може човекот со помош на природата да направи за свое добро и за доброто на флората и фауната.

**Продолжувајќи со регионалните курсеви кои се вклучени во проектот фопер за обука на вработените лица во шумарството во Загреб – Хрватска од 09-12.07. 2008 година се одржа курс со наслов рекреативна улога на шумите – економски и менаџерски аспекти за микро и макро развој.**



Паркот е во претежно букова шума но изобилува со прекрасни скијачки терени познати во светот, пешачки и велосипедски патеки, посебно направена патека за инвалиди, црква, остатоци од рудник за сребро, ресторани, места за одмор итн. Попладнето беше организирана посета на прекрасниот Загреб.

Мора да напоменам дека паркот на природата *Медведница* во близината на Загреб е само 1000 м надморска височина. Македонија изобилува со прекрасни недопрени природни убавини кои без големи интервенции можат да станат пристапни за љубителите на природата од земјава и од странство (надморски височини од над 2000 метри). Потребно е само малку труд и визија од шумарите и да станеме позната туристичка дестинација во светот, што би можело да претставува тема за размислување на вработените во јп *Македонски шуми*. Да ги покажеме на светот нашите убавини со тоа што ќе ги направиме пристапни за посета, се разбира со изработката на проекти и нивната реализација.

По завршувањето на курсот присутните учесници на курсот добија сертификат за овластени тренери од темата Рекреативната улога на шумите.

*Заклучоци:*

Финансирањето односно менаџментот во шумарството не мора да се базира само на искористувањето на шумите и приходите да доаѓаат претежно од продажбата на дрвните сортименти, туку потребно е шумарските стручњаци да се преориентираат на рекреативната улога на шумите преку презентацијата на убавините на шумите да се изнаоѓаат финансиски извори за одржување на истите. Сето тоа учесниците го видоа преку презентациите во Холандија, Украина, Шведска, Англија и др. Корисните ефекти се гледаат и во влијанието на здравјето на човекот, воспитувањето на децата, подигнување на еколошката свест итн.

Земјите учеснички односно нивните претставници ги искажаа своите намери овие заклучоци да бидат дел од нивните национални процеси за шумската политика и да лобираат за развој на посебните рамковни политики колку што е можно подобро и побрзо.



**ОДГЛЕДУВАЧКИТЕ МЕРКИ – НЕМИНОВЕН ФАКТОР ЗА ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ДРВНАТА МАСА.** Стопанисувањето со шумите воопшто е многу специфична дејност со која треба да се обезбеди нивна трајност, подобрување на нивниот квалитет нивното просторно зголемување со што ќе се зголеми прирастот и подобрување на нивните општокорисни функции. Ова може да се постигне само со правилно изведување на одгледувачките мерки на шумата и постојано зголемување на новоподигнати површини од шума.

од ШУМ. ИНЖ. РИСТО КЛИМОСКИ

**Шумите во светот** претставуваат значаен природен и стопански потенцијал и имаат важна улога не само за производство на дрво, туку и заради нивните многубројни општокорисни функции. Значењето на шумите е големо не само за одделни земји и региони туку и пошироко, за целиот свет. Од вкупната копнена површина на земјата 30 % или близу една третина е под шума, што претставува важна компонента во користењето на земјиштето воопшто. На земјината топка дрвенестите видови се застапени со одредена закономерност со тоа што едни видови виреат на природно голем географски простор, а други на помал Во Република Македонија околу една третина од вкупната површина потпаѓа под шуми. Иако на шумската површина отпаѓаат големи пространства, сепак нашава држава е сиромашна со дрвна маса. Во Р. Македонија значително големи површини зафаќаат нискостеблените шуми и деградираните шуми. Општо земено дрвната залиха во државава е релативно мала, гледано по единица површина или во целост. Преовладуваат лисјарски дрвни видови. Четинарските видови се сосема малку застапени. Според одгледувачката форма по површина преовладуваат нискостеблените шуми. Меѓутоа, според дрвната залиха на прво место се високостеблените шуми. Прирастот на шумите во Р. Македонија е релативно низок. Најголемото количество прираст го чини буката, а потоа дабот. Четинарите и меките лисјари во прираст малку учествуваат. Етатот односно количеството на дрвна маса која што може да се користи во текот на една година, без да се наруши трајноста на стопанисувањето, е одредена според посебните планови за стопанисување со шумите.

Битна карактеристика на нашата земја е богатството на нејзината дендрофлора. Основна причина за таквата состојба произлегува од нејзината географска положба, развиеноста на релјефот, климатските карактеристики и др. Во поново време се врши интензивно збогатување на домашната дендрофлора со внесување и одгледување на голем број алохтони дрвни видови и егзоти особено од дендрофлористички богатите региони на Источна Азија и Северна Америка.

Влијанието на човекот врз шумите може да биде штетно и корисно. Штетното влијание на човекот се манифестира со нивното уништување, а резултат на таквото дејство е намалување просторот под шума. Со различните одгледувачки зафати, човекот настојува да се создаде колку што е можно подобри услови за развој на шумата.

Шумите со својата долговечност претставуваат најважен дел – **столб** на целокупниот екосистем во кој и човекот е составен дел. Со уништување на шумите се руши целиот екосистем, а со тоа се нарушуваат основните претпоставки за опстанокот на човекот. Шумата како шумска заедница претставува производен простор на кој биомасата перманентно само се регенерира. Во минатото човекот од шумата го користел само дрвото како основен продукт и суровина за производство на

голем број производи. Меѓутоа денеска многу поважни стануваат нејзините до неодамна *споредни* функции, особено со оние кои се во непосредна корелација со заштитата на човековата околина.

Стопанисувањето со шумите воопшто е многу специфична дејност со која треба да се обезбеди нивна трајност, подобрување на нивниот квалитет нивното просторно зголемување со што ќе се зголеми прирастот и подобрување на нивните општокорисни функции. Ова може да се постигне само со правилно изведување на одгледувачките мерки на шумата и постојано зголемување на новоподигнати површини од шума. Подигнувањето на нови површини на обезшумените терени била и ќе биде многу важна дејност во рамките на стопанисувањето со шумите. Имајќи го предвид фактот што шумите претставуваат добро од посебен општествен интерес и стопанисувањето со нив е дејност од таков карактер. Со шумите во Република Македонија стопанисува ЈП *Македонски шуми* – Скопје преку своите подружници низ државата на кои што покрај другото се должни:

- Да приближат и прилагодат начин на стопанисување во високите и ниските шуми што ќе одговара на условите на природната средина, биолошките особини на видовите дрвја и на состојбата на шумите;
- Да врши редовна обнова на сечиштата;
- Да го потпомага природното (генеративно и вегетативно) обновување на шумите;
- Да применува мерки за нега и заштита на шумите;
- Да интродуцира иглолисни видови во шумите од широколисни видови;
- Да врши конверзија (преведување) на ниските во високи шуми;
- Да пошумува стари необновени сечишта, пожаришта, голи и загрозени површини од биотски и абиотски фактори;
- Со шумите да стопанисува така што трајно да се сочува нивната површина и да се зголеми нивната вредност, да се обезбеди најголем прираст според природните услови.

Заради ефикасно, рационално и трајно стопанисување шумите се делат на шумско-стопански единици. За шумите во државна и приватна сопственост без оглед на намената ЈП донесува посебен план за стопанисување со шумите за период од 10 години.

Користењето на шумите се врши според намената и на начин кој обезбедува трајно зачувување на вредноста на шумите. Субјектите што стопанисуваат со шумите се должни да преземат мерки за заштита на шумите од пожари, елементарни непогоди, растителни болести, штетни инсекти, бесправно напасување и други оштетувања.

### *Нега на насади*

Економски значаен и гласен проблем, кој се однесува на зголемување на производството на дрвната маса во шумарството, посебно во природните насади е зголеменото производство преку нега на насадите бидејќи тоа се спроведува преку целиот животен циклус на шумите. Тоа се однесува првенствено на нега на насадите со одгледувачки мерки. Во практична примена е докажано дека со недоволни зафати – особено кај младите шуми не се овозможува оптимално производство на квалитетна дрвна маса. За оптимално производство во шумарството се смета трајното производство на дрвна маса по квалитет и квантитет врз база на одредени насадни услови. Производството треба да биде континуирано и неможе многу да осцилира. Рационално ќе биде тогаш кога со одгледувачките зафати ќе се овозможи поголемо производство со помала употреба на работна рака и други материјални средства. При извршување на проредите секогаш треба да се имаат предвид трите основни фактори: биолошкиот, стопанскиот (економскиот) и технолошкиот фактор.

### *Одгледувачки сечи*

Одгледувачките сечи се применуваат во текот на производствениот период т.е. во текот на турнусот. Се сече дел од насадот т.е. дел од стеблата во насадот при одгледувањето на истите. Овие сечи имаат за цел да создадат подобри услови за развој на преостанатите стебла во насадот, за да се зголеми продуктивноста, да се подобри квалитетот на произведената дрвна маса, да се обезбедат други функции на шумата и во крајна линија да се скуси производниот период. Зголемувањето на производството на дрвна маса во шумарството посебно во природните насади е зголеменото производство преку целиот животен циклус на шумите.

Одгледувачките сечи треба да се прават уште од најраната младост на шумата т.е. во времето на подмладокот и младокот. Сите единки непотребни во шумата, односно сите оние единки кои со нивното останување во шумата им пречат на подобро развиените стебла, уште од најраната возраст, треба да се отстранат од насадот. Така во времето на подмладокот и младокот односно во времето од првите десет години возраст на шумата треба да се отстранат сите единки кои се од трета категорија, а го попречуваат развојот на првата и втората категорија. Треба да се внимава на оптималната густина бидејќи

**Шумата како шумска заедница претставува производен простор на кој биомасата перманентно само се регенерира.**

> Деградираните шуми и шикари претставуваат природно најнепродуктивни форми на шуми кои што треба да подлежат на мелиорација.

секогаш оптималната густина на стеблата во насадот дава најдобри резултати.

Во времето на колосек односно во насади стари 10-20 години се применуваат сечите за чистење. Во овие сечи се применуваат истите критериуми за категоризација како и при сечите за осветлување.

Во шумата нема да ја постигнеме саканата цел при искористувањето ако таа шума се остава спонтано-природно да се развива. Затоа одгледувачките мерки се неминовни во секоја шума со која се стопанисува на интензивен начин. При изведувањето на одгледувачките мерки се постигнуваат повеќе цели како што се: добивање на одредени сортименти кои имаат употребна вредност, скусување на периодот за одгледување на дрвната маса со висока техничка вредност, создавање на насади кои најдобро одговараат на својата намена, создавање на биолошки отпорни насади и др.

Одгледувачката сеча – прореди се изведува во периодот на летвеникот, а тоа е возраст од 20-40 години. Изведувањето на проредата се наметнува поради густиот склоп на насадот, сложени услови за опстанок на сите стебла и интензивен пораст во височина, кога поради густиот склоп има сушење на засенчените гранки. Ваквата состојба во шумата ја наметнува потребата од интервенција што се вика **прореда**. Покрај одгледувачките мерки со проредите се постигнува и економска цел бидејќи со тоа се добива и дрвна маса со различна примена.

Има голем број на различни начини на проредување кои настанале при различни еколошки услови, меѓутоа голем број од нив меѓусебно се слични. Покрај другите мерки за зголемување на производство на дрвна маса посебно внимание треба да се обрне на конверзијата во смисол на одгледувачки облик (измена на начинот за стопанисување) и на садните облици (замена на одредениот вид). Сега тоа бара долготрајно вложување со превземање на одредени одгледувачки мерки со што се добива поголемо количество на дрвна маса, а со тоа и поголеми финансиски ефекти. Во денешно време интензивното стопанисување е шумско стопанска задача која многу е сложена и има повеќенаменска задача.

> Покрај одгледувачките мерки со проредите се постигнува и економска цел бидејќи со тоа се добива и дрвна маса со различна примена.

### *Мелиоративни мерки*

Шумата и шумските насади се стопанисуваат по мошне различни начини во зависност од еколошките услови, главно од потребите од различни дрвни сортименти и во зависност од различните природни услови, главно климатски и почвени. Човекот е тој кој треба свесно да го менува составот на слабопродуктивните насади со сукцесивно внесување на брзорастечки видови. Исто така при стопанисувањето со зачуваните високи шуми покрај стопанската намена, треба да се има предвид значењето на шумите како фактор во заштитата на околината т.е. биолошкото значење на шумата.

Големо уништување и деградирање на нашите шуми имаше во времето на чување на козите, но со нивна ликвидација, голем дел од површините под шикари и шикарести ниски шуми, прерасна во ниски шуми, на кои треба да се обрне големо внимание со стручна шумарска интервенција.

За подобрување на квалитетна вредност на шумите како и зголемување на прирастот на дрвната маса како и другите општокорисни функции потребно е да се вршат мелиоративни мерки (зафати) на деградираните шуми и шикари. Деградираните шуми и шикари претставуваат природно најнепродуктивни форми на шуми кои што треба да подлежат на мелиорација. Историски гледано деградираната шума настанала во оној момент од развитокот на општеството кога населението се намножило, занаетчиството се проширило и кога сточарството се повеќе и повеќе се развило. Со развитокот на сточарството дошло до многу големо лисничарење на шумите со кое се обезбедувало храна за стоката.

Може слободно да се каже дека деградираната шума носи свои зачетоци уште од почетокот на феудалното општествено уредување. Мелиорацијата како мерка за подобрување на шумата ги зафаќа сите активности кои што се однесуваат на подобрување на почвата и насадот. Покрај преземените активности на подобрување на почвата како мелиоративни мерки би дошле и сите оние мелиоративни сечи кои што имаат главна цел подобрување на состојбите на деградираните шуми. Мелиорацијата на деградираната шума и шикара може да се постигне на различни начини односно со примена на различни методи на работа, а тоа се: директна метода, индиректна метода и комбинирана метода. Овие методи на мелиорација понатака се расчленуваат на понатамошни фази. Основна претпоставка за успешното изведување на мелиоративни работи е воведување на целосна забрана на паша и брстење. Забраната на паша треба да се спроведува во сите деградирани шуми во периодот кога се вршат ресурекциони (чисти) сечи, во сита деградирани шуми во кои се изведуваат различни директни или индиректни конверзии и во сите шуми каде е застапен процесот на природно подмладување.

Посебно големо значење мелиорациите имаат во можностите за создавање на чисти и едновозрасни насади на четинари и лисјари чија вредност е многу поголема, а со тоа и здравствената состојба е подобра и посигурна.

Денес во целост созреало гледиштето дека деградираните и ниски шуми како и шикарите претставуваат слабо доходовен капацитет кој брзо треба да се менува до колку сакаме да создадеме продуктивни суми. Со тоа би се создало продуктивно шумарство и многукратно зголемување на опстокорисните функции на шумата. ❧

# НЕКОЛКУ ФАКТИ ЗА КОРИСТА ОД ДРВОТО

Покрај вообичаената корист од дрвото – економската корист, со неговата употреба во градежништвото, дрвната индустрија, искористувањето на неговите енергетски карактеристикиeто и за затоплувањето – дрвото дава уште многу други корисни нешта. Шумите и дрвјата се дом и/или храна на многу други растителни и животински видови, неопходни за одржување на биолошката рамнотежа во природата, тоа е најефикасен и најпогоден пречистувач на воздухот и водата.
Да не зборуваме за убавината што ја пружа зеленилото на шумата ...
Во продолжение се наведени дел од утврдените факти од институции и поединци од САД.

Еден хектар од возрасна шума апсорбира околу 15 тона/година $CO_2$ и ослободува околу 10 тона/година, кислород што е доволно за годишните потреби на 45 лица.

*U.S. Department of Agriculture*

Лабораториските истражувања покажале дека набљудувањето на дрвја или шума, ја подобрува состојбата на организмот предизвикана од стрес за околу пет минути. Истовремено се променува и крвниот притисок, како и затегнатоста на мускулите.

*Dr. Roger S. Ulrich Texas A&M University*

Се проценува, дека во САД возрасно дрво чини од 1000 до 10000 долари.

*Council of Tree and Landscape Appraisers*

Со засадувањето на дрвја се подобрува квалитетот на водата, намалувањето на ерозијата. Тоа овозможува и помалите извори да не пресушуваат и во летните периоди. Шумските површини ги намалуваат можностите, седименте и другите хемиски супстанци во почвата да не се однесат преку истечните води.

*USDA Forest Service*

Соодветно засадените дрвја околу куќата, можат да заштедат околу 30% од енергијата потребна за разладување на просториите, како и заштеда на 20-50% од потребната енергија за затоплување на домот.

*USDA Forest Service*

Ако денеска засадиш дрво во дворот, по пет години сметката за струја ќе се намали за 3%, а во петнаесеттата година за околу 12%.

*Dr. E. Greg McPherson, Center for Urban Forest Research*

Кореновиот систем на садниците, иако невидлив дел од растението, претставува негов најзначаен дел. И садницата со најдобро развиен надземен дел може да потфрли по пошумувањето, ако нејзиниот коренов систем не функционира правилно и не обезбеди брз раст во околната почва. Затоа расадничарите посветуваат големо внимание на овој орган на садницата. Интервенциите врз корените треба да се вршат со вистинска алатка, на вистински начин и во вистинско време, за да се постигне вистинска цел. Кај нас интервенциите врз корените често се нарекуваат подрежување (орежување) на корени.

# ПОДРЕЖУВАЊЕ НА КОРЕНИТЕ НА САДНИЦИ ВО РАСАДНИК

од Д-Р ДАНА ДИНА КОЛЕВСКА
РЕДОВЕН ПРОФЕСОР НА
КАТЕДРАТА ЗА ШУМСКИ КУЛТУРИ
ШУМАРСКИ ФАКУЛТЕТ – СКОПЈЕ



Слика 1: Хоризонтален подрежувач на корени во ширината на лејата

*Утврдување на целта на подрежување*

Интервенциите врз коренот можат да имаат различни ефекти: воспоставување контрола на развојот на надземниот дел, модификација на односот меѓу надземниот дел и корените, зголемување на густината на корените итн. Често се очекува со една интервенција да се постигнат повеќекратни ефекти (подрежување на корените со цел контрола на висината на надземниот дел, но тоа не мора да ефектуира и со развој на погуст коренов систем). Ако не може да се утврди точната цел која треба да се постигне со орежување на корените, подобро е тоа воопшто и да не се изведува. Различна цел бара различни орудија и време на извршување.

*Утврдување на времето и услови за интервенција*

Времето на извршување на интервенцијата врз корените претставува најважен фактор за конечен успех, но неговото одредување е доста тешко. Теоретски утврденото време не може да се примени паушално, календарски, бидејќи метеоролошките услови се менуваат од година во година, а со тоа и развојната фаза на садниците. Во исто време, фенолошките промени на надземниот дел не коинцидираат со активноста на корените под земјата. Времето на подрежување треба да се усогласи и со условите во расадникот, пред се влажноста на почвата, која треба да биде умерено влажна. Треба

да се стекнат сопствени искуства за утврдување на вистинско време за подрежување на корените на садници во секој расадник.

### *Избор на орудие*

За подрежување на корени треба да се користат квалитетни орудија – остри рамни или назабени ножеви, со дебелина на сечивото до 3 mm. Тие можат да бидат конструирани за целата ширина на лејата, во форма на кружни или полукружни пили и ножеви за орежување на корени меѓу редовите и сл. (слики 1, 2 и 3).

### *Подрежување на дабови корени*

Подрежување на корените на даб се препорачува да се врши во текот на првата вегетација, веднаш после завршувањето на пролетниот висински прираст, односно во растежната пауза. Во наши услови тоа би требало да се изведе во мај-јуни. Длабочината на подрежувањето треба да биде 5-8 cm **под засејаните желади**. Доколку семињата изртеле невоедначено или доцна, т.е. сејанците се слаби и ниски, подрежувањето се одлага за втората вегетација.

Во втората година на одгледување на садниците, подрежување на корените се врши пред почетокот на вегетацијата, односно до средината на април, на длабочина 10-15 cm. Длабочината на подрежувањето зависи од дебелината на централниот корен во местото на резот: тој не треба да биде подебел од 6 mm. Доколку од некоја причина садниците останат во лејата и наредните години, потребно е подрежувањето на корените да се повтори секоја година, на длабочина поголема за 3-5 cm од претходното подрежување.

Подрежувањето треба да се врши само со механизирани средства, односно со специјални приклучни машини за хоризонтално, вертикално или комбинирано подрежување. Такви машини имаат остри, мазни сечива кои може да се наместат на точно определена длабочина. Ова е особено важно при подрежување на корени во првата вегетација, кое се врши на релативно мала длабочина. Острицата на ножот треба да биде потенка од 3 mm, од квалитетен челик, за да прави мазен и остар рез. Раните настанати од дебели, тапи и назабени сечива тешко и споро зараснуваат, а може да дојде и до поголемо угинување на садниците.

Рачното подрежување, според препораките во литературата, треда да се врши со остар ашов, под агол од околу 450, на растојание 5-10 cm од садницата. Меѓутоа, таков начин не дава многу добри резултати, бидејќи не може да се постигне права длабочина и квалитет на резот (слика бр 4).

Веднаш после подрежувањето садниците треба да се нагазат, односно зацврстат во почвата. Ако подрежувањето се врши во текот на вегетацијата, на садниците треба да им се обезбеди оптимална влажност на почвата во целата длабочина на подрежувањето. За да не се предизвика преголем воден стрес на подрежаните садници, потребно е при подрежувањето почвата да биде умерено влажна, никако сува. И при подрежување во втората година, пред почетокот на вегетацијата, ако во почвата нема доволно влага, во првите 10-14 дена по подрежувањето садниците треба да се полеваат. Прихранувањето помага во надминување на последиците од подрежувањето. Тоа може да се изврши најрано 7-10 дена после подрежувањето. Се препорачува примена на комплексно ѓубриво во количина од 200 $kg/ha^{-1}$ или азотно ѓубриво (ако почвата е добро обезбедена со хранливи материи) во доза од 150 $kg/ha^{-1}$. Веднаш после ѓубрењето почвата треба добро да се полее.



Слика 2: Полукружен подрежувач на корени во одделни редови



Слика 3: Кружен подрежувач на корени во одделни редови




Слика 4: Шематски приказ на длабочината на подрежување на вертикалните корени во зависност од аголот на подрежување и оддалеченоста на сечивото од садницата

| Нега на корени – терминологија и употреба (според Т. Ландис, 2008) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Термин | Функција | Цел на операцијата | Орудие | Време на изведување на зафатот |
| Подрежување | пресекување на корените во хоризонтална рамнина во зоната на корените | поттикнување на развојот на фини густи кор. редуцирање на висината на надзем. дел стимул. на појава на пупки | фиксно или осцилирачко остро сечиво во целата ширина на лејата | еднаш до неколку пати во сезоната, или пред вадење на садниците |
| Вертикално или бочно орежување | пресекување на корените во вертикална рамнина меѓу редовите | 1. поттикнување на развојот на фини густи корени 2. олеснување на вадењето | остро фиксно сечиво поставено меѓу редовите | еднаш до неколку пати во сезоната, или пред вадење на садниците |
| Орежување во форма на коцка | пресекување на корените во 3 димензии: доле, меѓу редови и меѓу садниците во редот | 1. поттикнување на развојот на фини густи корени 2. олеснување на вадењето | орежување во три чекори: 1. подсекување 2. верт. орез. меѓу редовите 3. рачно орез. меѓу садниците | непосредно пред вадење на садниците |
| Растресување на длабочинските слоеви на почвата | предизвикување воден стрес и растресување на почвата во зоната на корените | 1. редуцирање на висината на надзем. дел 2. стимул. на појава на пупки 3. намал. на компакт. на поч. | затапено фиксно сечиво поставено под агол во целата ширина на лејата | еднаш до неколку пати во сезоната |
| Кратење на корени | скратување на корените на определена должина по вадење на садниците од лејата | | | |

ТАБЕЛА 1: ТЕРМИНОЛОГИЈА, ФУНКЦИЈА, ЦЕЛ, ОРУДИЕ И ВРЕМЕ НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ИНТЕРВЕНЦИИ ВРЗ КОРЕНИТЕ

# За називите на дрвјата

од БОЈАН РАНТАША

## ORDO: *Sapindales*, FAMILIA: *Aceraceae*, GENUS: *Acer L.*

Јахор
Јаор
авуор Јаур
Јавор
Јауруца Јавур

**Називот е општословенски** и прасловенски со неколку значења во словенските јазици (*јавор*, *јасен*, *јаблан*). Се смета дека називот јавор е стара заемка од старовисокогерманскиот јазик (*ahorn*). Според **Фасмер**, тоа е заемка што му припаѓа на подоцнежниот слој германски заимки (*okr*) и ја реконструира како avorn. **И. К. Мошински** го смета за покасна заемка од германскиот јазик (*ahor*). Според **Махек** прaслов. и старовисокогерманската и латинска паралела се примени од некој прединдоевропски јазик.

Во родот на јавори во Македонија се застапени осум вида: *Acer tataricum L.*; *Acer pseudoplatanus L.*; *Acer platanoides L.*; *Acer obtusatum Kit.*; *Acer monspessulanum L.*; *Acer intermedia Panc.*; *Acer heldreichii Orph. in Boiss.*; и *Acer campestre L.* Тие по своите карактеристики и изглед се разликуваат едни од други и не може да се земат како група на слични видови. Затоа понатаму со поимот јавор се бележат *Acer pseudoplatanus L.* и *Acer platanoides L.*





Лист од клен

Сите видови на јавори застапени во Македонија во народниот говор добиле називи кои им соодветствуваат на нивните особини:

*Acer campestre L. – клен*

Тоа е општословенски назив со индоевропски корен од прасловенско доба. Овој прасловенски назив, според Махек, се наоѓа во групата називи од прединдоевропскиот супстрат. Скок наоѓа паралели сродни со слов. клен во старомакедонскиот и грчкиот јазик.

*Acer heldreichii Orph. in Boiss. – планински јавор*



Цветови од клен

*Acer intermedia Panc., syn: A. hyrcanum Fisch. et Mey.– клен, жестиљ*

*Acer monspessulanum L. – бел клен, клен, кленика, маклен*

*Acer obtusatum Kit., syn: A. opalus Mill. ssp. obtusatum (Kit.) Gems. – глувач, глухач, црвен јавор*

Во времето на пролистувањето и на опагањето на листовите, листовите се со изразена црвена боја. Оттаму доаѓа и називот на јаворот. Овој назив се сретнува во областа на *Дебарца*.



Плод од клен

*Acer platanoides L. – јавор, млечен јавор, млеч, млечњак*

Називот е изведенка од зборот млеко како и називите млеч, млечњак. За називите млеч и млечњак академик **Ханс Ем** има прибележано дека се од српско-хрватскиот јазик, но очигледно со тек на време и силното српско влијание тие називи навлегле и во народниот говор во Македонија.

Овој назив доаѓа поради карактеристиката на *Acer platanoides L.* да при кинење на свежите листови испушта бел сок кој потсетува на млеко.

*Acer pseudoplatanus L. – горски јавор, јавор*

*Acer tataricum L. – жестика, жестил, жешља, шестил*



Претставува изведенка од старословенси со старото значење *тврд* се среќава уште во неколку совенски јазици: руски, украински, бугарски, српско-хрватски.

Во називот на овој вид се крие тврдоста на ксилемот, така да би требало називот жестика да доаѓа од реликт на старата семема на адјективот *тврд*, запазена во словенската заемка јестоц во романскиот јазик. Од друга страна пак називот се поврзува со прасловенскиот корен *жеже*.

*За дрвото …*

Јаворот претставува свето дрво. При што кога велиме за јавор се мисли на *Acer pseudoplatanus L.* и *Acer platanoides L.*



Млеч

Во *Гевгелиско* многу од обредите за време на обичаите се случуваат околу јавор. Каде јаворот завзема централно место во обредите како олтар, но и како божји храм. Така на Преображение се игра околу јавор; на Велигден јајцата се кршат; а на Ѓурѓовден се врзуваат обредните лулки на кои се лулаат младите.

Светите јавори кои играат важна улога во некои христијански обичаи локалните селани ги нарекуваат Крст или Покрстени дрвја. Тие се обредно место и претставуваат врска со духовниот свет. Така таму се коле курбан, а на нивните гранки се оставаат предмети за да лошите сили (светците) ги земат предметите наместо нивните души. Уште јаворот е поврзан со култот на предците и со култот на мртвите. Така во некои места мртовечкиот сандак се прави од јавор.

Јаворот како свето дрво воедно е и лековито. Познати се обичаи каде се земаат деланки од свет јавор за лек. Овие деланки се варат во вода, со која потоа се мијат болните, а особено урочените деца. Јаворот како и оревот е плодоносно дрво. Имено во петоците одат жените, а во средите одат мажите под свет јавор за да добијат потомство.

Водата што извира од јаворовите корени е лековите и таа може да им помогне на болните луѓе. Пример за таков јавор има во *с. Давидово*. Болните деца се провлекуваат низ отворот во него, а потоа се мијат со водата под јаворот. Под јаворот спијат болни луѓе за да нивната болест се пренесе на дрвото. Тогаш дрвото се исушува и спас за дрвото претставува некој да го опфати што е криво осуден човек, по што јаворот повторно ќе зазеленее.

Јаворот претставува заштита од нечисти сили. Народот вели дека под зелениот јавор *Св. Никола* се одмара од напорната работа, а *Св. Недела* го разбудува. Така без страв може да се спие под јаворово дрво. ❧








# 42. денови на ШУМАРСТВОТО охрид 2008





**Традиционалната манифестација** *Денови на шумарството*, годинава се одржа по 42-ри пат. Традиција на која може да се позавиди.

Годинава *Деновите на шумарството* се одржаа во Охрид, покрај прекрасното Охридско езеро, во хотел *Десарет*.

Натпреварите започнаа со свеченото отворање на Манифестацијата, на полигонот, покрај езерото кое пленеше со својата убавина во прекрасното октомвриско попладне.

Учесниците и гостите на 42. *Денови на шумарството* ги поздрави претставникот на соорганизаторот на оваа манифестација Синдикатот на работниците од шумарството, дрвната индустрија и енергетика на Република Македонија, претседателот г-дин **Живко Митревски**, кој ја нагласи важноста од одржувањето на една ваква Манифестација како и значењето на меѓусебната соработка со ЈП *Македонски шуми*, за иднината на вработените во шумарството. Генералниот директорот на ЈП *Македонски шуми*, г-дин **Владимир Бахчовановски** ги поздрави присутните гости и натпреварувачи, изразувајќи го своето задоволство од масовноста и долгогодишната традицијата на одржување на оваа Манифестација. Тој им посака пријатно дружење и постигнување на добри резултати на натпреварувачите, со дополнителна стимулација од негова страна-еднократна парична награда за сите победници во сите дисциплини и ги прогласи 42. *Денови на шумарството* за отворени.

# победници

**На 42. Денови на шумарство учество земаа екипи од 30 подружници на јп Македонски шуми, како и екипа на зшуц Ѓорче Петров од Кавадарци. Натпреварите се одржаа во следните дисциплини, а победници по дисциплини беа:**

ВЕШТИНИ НА РАКУВАЊЕ СО МОТОРНА ПИЛА

1. **Атанас Ташев** - пшс **Бор** – Кавадарци
2. **Ѓорѓи Вурмо** - пшс **Преспадрво** – Ресен
3. **Кире Трајчески** – пшс **Галичица** – Охрид

ГАЃАЊЕ НА ГЛИНЕНИ ГУЛАБИ

1. **Спасе Цамтоски** – пшс **Јабланица** – Струга
2. **Митко Занов** – пшс **Саланџак** – Валандово
3. **Гоце Петровски** – пшс **Бабуна** – Велес

ШАХ

1. **Трајче Илиев** – пшс **Плачковица** – Радовиш
2. **Сашо Плушкоски** – пшс **Јабланица** – Струга
3. **Влатко Андреевски** – пшс **Лопушник** – Кичево

ПИКАДО

4. **Сузана Атанасова** – пшс **Бор** – Кавадарци
5. **Митра Бошкоска** – пшс **Шар** – Гостивар
6. **Јадранка Стефановска** – пшс **Караџица** – Скопје







Традиционален покровител на Манифестацијата е Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Македонија.

Во рамките на оваа Манифестација се одржани:

- Државен натпревар на работници во шумарски дисциплини;
- Спортски натпревари на работници во шумарството во дисциплини: пикадо, шах и гаѓање на глинени гулаби.

**Екипен победник** на 42. *Денови на шумарството* е подружница *Бор* – Кавадарци која го освои преодниот пехар и пехар во трајна сопственост. Наградите на најдобрите им беа доделени на свечената вечера, организирана за сите учесници на која присутните ги поздрави генералниот директор на јп *Македонски шуми*, г-дин Владимир Бахчовановски кој им заблагодари на учеството на сите натпреварувачи и гости. Во обраќањето на присутните генералниот директор нагласи дека покрај на овие натпревари, вработените покажуваат успех и во работењето. Во кусиот осврт на работењето на Јавното претпријатие истакна дека се постигнати позитивни придвижувања во последниот период, илустрирајќи го со податоци за редовно плаќање на придонесите и исплаќање на заостанати придонеси и кредити, воведување и натамошен развој на Информатичката технологија во интерес на поефикасно работење, 100 % реализација на наплатата на побарувањата, редовно исплаќање на изведувачите на фазите сеча, дотур и превоз. Ја истакна лидерската улога на јп *Македонски шуми* во акцијата *Ден на дрвото – Засади ја својата иднина*, како главен изведувач на стручните работи во акцијата и производство на садници, нагласувајќи дека оваа акција ќе прерасне во регионална, а шумарството и Јавното претпријатие ќе биде главен промотор на регионално ниво.

Гости на 42. *Денови на шумарство* беа и претставници на шумарствата од регионот, при што покрај дружењето, беа разменети искуства од работата, а на свечената вечера имаа можност да се заблагодарат гостопримството и пријатното дружење.

Од Шумарствата на соседните земји на игрите присуствуваа гости од јп *Војводинашуме*, од Дирекција на шумите на Црна Гора, Министерството за шумарство на БиХ и Агенцијата за шуми на Косово.

Беа присутни и претставници на мзшв од Секторот за шумарство, Инспекторатот за шумарство, Секторот за земјоделство, Претставници од Шумарски факултет и други релевантни институции од државата.

Натпреварите на сите терени се одвиваа регуларно, во позитивно натпреварувачко расположение, судиите коректно и на време си ја завршија својата работа, а сите присутни најдоа интересно катче за да ги доживеат прекрасните два дена покрај, со сонце преплавеното, Охридско Езеро. ❧ С.Н.

# Галерија
















STIHL®
ЗАТЕГНЕТЕ ГИ ЛАНЦИТЕ!
STIHL® ROLLOMATIC E
STIHL
MS 310